РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES

Бр.-Nr. 04-1188/1
06-04-2026 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 11, член 30 став (1), став (3) и став (5), член 31, член 48 и член 49 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 103 и 104 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 144/25) и член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/15 и 35/18), државниот секретар во Министерството за одбрана, објавува

# ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026
# ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА 1 (ЕДЕН) АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Се распишува интерен оглас за унапредување на административен службеник за следното работно место:

**01. УПР0101В01000 - Советник за стандард во Одделение за стандард, заштита при работа, ментално здравје и транзиција во Сектор за човечки ресурси во Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука, 1 извршител;**

Право на учество на интерниот оглас имаат вработените административни службеници во Министерството за одбрана кои ги исполнуваат следните:

**Општи услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да има општа здравствена способност за работното место;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност;
- да е оценет со оценка „А“ или „Б“ при последното оценување;
- да е на работно место на непосредно пониско ниво од работното место за кое е објавен интерниот оглас или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
- да поминал најмалку две години на исто ниво и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

**Општи работни компетенции за работно место од категорија Б:**

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење и
- финансиско управување.

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Општествени науки;
- три години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Работни денови:**

- од понеделник до петок;
- работни часови неделно: 40

**Работно време:**

- времетраење на работниот ден е осум часа со почеток на работно време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток помеѓу 15:30 и 16:30 часот.

**Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво:**

- 36.449,00 денари.

Кандидатите потребно е да поднесат пријава на службената електронска адреса на Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука и пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата (во оригинал или нотарски оверена копија) да ги достават преку архивата на министерството до Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука.

Кандидатите, пријавата со потребните документи треба да ја достават во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето интерниот оглас (сметајќи го и денот на самото објавување).

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатите кон пријавата може да приложат:

- потврди за успешно реализирани обуки и/или обуки како посетител на обука;
- потврда за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник).

Кандидатите во пријавата се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата или за кој се утврди дека внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

Ненавремени, нецелосни и неуредно пополнети пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Изработил: Тони Костески
Контролирал: Ирена Станковска

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Елизабета Чуповска Ристова**

# ПРИЈАВА
## ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

1. Податоци за огласот:
- Број на интерниот оглас ____________________________________________
-Реден број на работното место за кое се пријавува_________________________
2. Лични податоци за кандидатот:
- Име ______________________________
- Презиме ______________________________
- Пол ______________________________
- Припадност на заедница ______________________________
- Адреса ______________________________
- ЕМБГ ______________________________
- Вработен во Директорат - Сектор

______________________________
- Контакт телефон ______________________________
- електронска пошта ______________________________
3. Податоци за исполнување на посебните услови:
-Степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС ,
IV, VI, VII/1, VA 60-120кр., VI A- 240 кр, VI 6-180 кр.
Вид на образование.
-Образовна институција ______________________________
-Насока ______________________________
-Датум и број на диплома и назив
на институцијата која ја издава ______________________________
-Податоци за работно искуство_________ години, месеци _________.
4. Податоци за оценување во последните 3 години пред објавувањето на интерниот оглас

__________________

__________________

__________________

5. Податоци кои ги докажуваат општите услови во огласот
- Државјанство
- Здравствена способност за работното место

6. Други услови утврдени во актот за систематизација на работни места
- Компјутерски вештини
- Познавање на странски јазици
- Други посебни услови за работното место

________________________________________________________________

7.Податоци за звањето на административниот службеник во последните две години пред објавувањето на интерниот оглас

8. Податоци за изречена дисциплинска мерка 1 година пред објавувањето на интерниот оглас

9. Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците наведени во пријавата за унапредување се веродостојни и дека на барање на надлежниот орган ќе доставам докази, во оригинал или копија заверена кај нотар.
Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

________________________________________________________________